Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-8887/3
25.09.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 57 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22 и 168/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 септември 2025 година, издаде

# ЛИЦЕНЦА
## за приредување на игри на среќа во казино

1. На Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје, МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во казино, во деловната просторија во Подружница ЛЕ ГРАНД КАЗИНО Скопје на ул.„Филип Втори Македонски" бр.5-Хотел/Холидеј Ин Скопје, Центар, за период од шест години.

2. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје во казиното ќе постави 38 автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник, 1 маса за американски рулет, 2 маси за блек џек и 1 маса за ултимејт тексас холдем покер.

3. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

4. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

5. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 300.000 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на лиценцата и
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на лиценцата.

6. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

7. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

8. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.09.2025 14:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=27988a37-957b-4448-8521-5b69957d6f73&docSharePointURL=/materijali/2025/638942324594124313/Documents/act.docx&materialId=a6d2f600-a580-468a-a061-ad083f7a563d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

9. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

10. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати и надоместок за рулет маси во износ од 3.000 евра по рулет маса, односно за други маси во износ од 1.725 евра по маса во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, на месечна основа.

11. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа месечна посебна давачка во висина од 3% за финансирање на здравствената заштита, која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати и исплатениот износ од сите автомати.

12. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да ја одржува висината на основната главнина во износ кој не може да биде помал од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, за целото времетраење на лиценцата.

13. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје не ја одржува висината на основната главнина од точката 12, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

14. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

15. Оваа лиценца стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

Образложение

Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-5979/1 од 18.7.2025 година и дополнувања на барањето бр.13-5979/3 од 14.8.2025 година, бр.13-5979/4 од 26.8.2025 година, бр.13-5979/5 од 27.8.2025 година, бр.13-5979/6 од 10.9.2025 година и бр.13-5979/7 од 12.9.2025 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност склучен на ден 27.4.2001 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-одлука за зголемување на основната главнина донесена на ден 25.3.2002 година од содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-изјава за основање на друштво со ограничена одговорност дадена на ден 20.8.2002 година од основачот на друштвото на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-изјава за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) дадена на ден 28.7.2005 година од единствениот содружник на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност склучен на ден 24.6.2010 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност пречистен текст склучен на ден 20.4.2015 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност пречистен текст склучен на ден 19.3.2019 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност пречистен текст склучен на ден 6.5.2019 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност пречистен текст склучен на ден 7.12.2022 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност пречистен текст склучен на ден 20.3.2023 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност пречистен текст склучен на ден 1.11.2024 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото со преземање на паричен влог од 11.8.2025 година донесена од содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-договор за основање на друштво со ограничена одговорност пречистен текст склучен на ден 11.8.2025 година помеѓу содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-одлука за истапување на содружник и пристапување на содружник со пренос на удел од 12.8.2025 година донесена од содружниците на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-изјава за основање на друштво со ограничена одговорност дадена на ден 12.8.2025 година од содружникот на друштвото на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје;

-одлука за намера за намалување на основната главнина на Друштвото донесена на ден 18.8.2025 година од единствениот содружник на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје;

-одлука за намера на намалување на основната главнина на Друштвото донесена на ден 29.8.2025 година од единствениот содружник на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје;

-изјава за основање на друштво со ограничена одговорност дадена на ден 29.8.2025 година од единствениот содружник на друштвото на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје;

-извод бр.22 за промените и состојбата на средствата на сметката од 7.9.2001 година издаден од Заводот за платен промет Скопје, извод бр.23 за промените и состојбата на средствата на сметката од 10.9.2001 година издаден од Заводот за платен промет Скопје, извод бр.38 за промените и состојбата на средствата на сметката од 9.10.2001 година издаден од Заводот за платен промет Скопје, извод бр.39 за промените и состојбата на средствата на сметката од 10.10.2001 година издаден од Заводот за платен промет Скопје, извод бр.4 за промени и состојба на ден 7.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извод за промени и состојба на ден 8.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извод бр.6 за промени и состојба на ден 9.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извод бр.16 за промени и состојба на ден 23.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извод бр.17 за промени и состојба на ден 26.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извод бр.18 за промени и состојба на ден 27.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извод бр.19 за промени и состојба на ден 28.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извод бр.28 за промени и состојба на ден 14.12.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, извод бр.29 за промени и состојба на ден 17.12.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје и извод бр.65 за промени и состојба на ден 25.12.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје;

-изјава под морална, материјална и кривична одговорност дадена од единствениот содружник Огњан Циговски заверена кај нотар Милена Момировска-Ангелевска под број УЗП 2827/2025 од 10.9.2025 година дека средствата од девизните штедни книшки од Стопанска Банка АД Скопје ги има уплатно во Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје како средства за зголемување на паричниот влог во вкупен износ од 18.697.700,00 денари во 2001 година;

-договор за парична позајмица бр.03-02/2025 склучен на ден 11.8.2025 година помеѓу Друштвото за градежништво, проектирање и транспорт М-Констракшн ДОО Скопје и Огњан Циговски;

-извод од платежна сметка од 11.8.2025 до 11.8.2025 издаден од Комерцијална банка АД Скопје ден 12.9.2025 година;

-извод бр.120 за промените и состојбата на сметката за ден 11.8.2025 година од Комерцијална банка АД Скопје;

-уплатница за уплата на средства за основачки влог-Образец ПП30 од 11.8.2025 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје;

-решение бр.35020250020745 од 9.9.2025 година и тековна состојба на друштвото од 9.9.2025 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/2877-1 од 16.5.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.09.2025 14:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=27988a37-957b-4448-8521-5b69957d6f73&docSharePointURL=/materijali/2025/638942324594124313/Documents/act.docx&materialId=a6d2f600-a580-468a-a061-ad083f7a563d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/2878-1 од 16.5.2025 година а дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150020250186081 од 15.5.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150020250186082 од 15.5.2025 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;

-информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-28/401 од 30.7.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење на пари и финансирање на тероризам бр.03-847 од 10.7.2025 година донесена од Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје;

-потврда бр.05-045253/25-0002 од 10.7.2025 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија;

-уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.30-55/4395/2 од 8.7.2025 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-решение бр.3017/01250-0785/2 од 9.7.2025 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-извештај за состојба на платежна сметка во денари (солвентност) од 18.7.2025 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје;

-извод бр.105 за промените и состојбата на сметката за ден 18.7.2025 година од 24.7.2025 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје;

-декларација за прием на плата за месец декември од 15.1.2025 година, декларација за прием на плата за месец јануари од 17.2.2025 година, декларација за прием на плата за месец февруари од 17.3.2025 година, декларација за прием на плата за месец март од 15.4.2025 година, декларација за прием на плата за месец април од 15.5.2025 година, декларација за прием на плата за месец мај од 16.6.2025 година и декларација за прием на плата за месец јуни од 15.7.2025 година издадени од Управата за јавни приходи, а исплатена преку Комерцијална банка АД Скопје;

-потврда бр.12-530-35201/1 од 11.7.2025 година за исплатени плати за период од декември 2024 година до јуни 2025 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје;

-правилник бр.03-864 од 14.7.2025 година за работа на „Ле Гранд казино“ Скопје, правила за игра рулет (american roulette) бр.03-861 од 14.7.2025 година, правила за игра ултимејт тексас холдем (ultimate texas holdem) бр.03-862 од 14.7.2025 година, правила за игра блек џек (black jack) бр.03-863 од 14.7.2025 година и правила за игри на среќа на автомати бр.03-865 од 14.7.2025 година донесени од Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје;

-42 уверенија за техничка исправност на автоматите и масите за игри на среќа издадени од Друштвото за услуги, техничко испитување и анализа на автомати и маси за игри на среќа „НАЦИОНАЛ-ТРЕЈД“ ДООЕЛ Скопје и

-админстративна такса во износ од 650,00 денари.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино има основна главнина во износ од 436.243.300,00 денари. На ден 29.8.2025 година Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје донесе одлука за намера за намалување на основната главнина во износ од 277.545.600,00 денари преку враќање на дел од паричниот влог на единствениот содружник во износ од 3.220.000,00 денари и враќање на непаричен влог на единствениот содружник во износ од 274.325,600,00 денари. Со намалувањето основната главнина ќе изнесува 158.697.700,00 денари видно од решението бр.35020250020745 од 9.9.2025 година

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.09.2025 14:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=27988a37-957b-4448-8521-5b69957d6f73&docSharePointURL=/materijali/2025/638942324594124313/Documents/act.docx&materialId=a6d2f600-a580-468a-a061-ad083f7a563d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

и тековната состојба на друштвото од 9.9.2025 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност, видно од потврдите бр.0808-12/2877-1 и бр.0808-12/2878-1 од 16.5.2025 година, бр.0808-50/150020250186081 и бр.0808-50/150020250186082 од 15.5.2025 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Со доставената информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.03-847 од 10.7.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, врз основа на податоците искажани во годишната сметка за 2024 година и споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Од доставената потврда бр.05-045253/25-0002 од 10.7.2025 година издадена од Царинската Управа на Република Северна Македонија се утврди дека трговското друштво ги има подмирено царинските давачки, а од доставеното уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.30-55/4395/2 од 08.07.2025 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје се констатира дека трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување.

Од доставеното решение бр.3017/01250-0785/2 од 09.7.2025 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје се утврди дека деловната просторија во Подружница ЛЕ ГРАНД КАЗИНО Скопје на ул.„Филип Втори Македонски" бр.5-Хотел/Холидеј Ин Скопје, Центар, ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа во казино, видно од извештајот за состојба на платежна сметка во денари (солвентност) од 18.7.2025 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје.

Од декларацијата за прием на плата за месец декември од 15.1.2025 година, декларацијата за прием на плата за месец јануари од 17.2.2025 година, декларацијата за прием на плата за месец февруари од 17.3.2025 година, декларацијата за прием на плата за месец март од 15.4.2025 година, декларацијата за прием на плата за месец април од 15.5.2025 година, декларацијата за прием на плата за месец мај од 16.6.2025 година и декларацијата за прием на плата за месец јуни од 15.7.2025 година издадени од Управата за јавни приходи, а исплатена преку Комерцијална банка АД Скопје и потврдата бр.12-530-35201/1 од 11.7.2025 година за исплатени плати за период од Декември 2024 година до Јуни 2025 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје се утврди дека друштвото редовно исплатува плати.

Од доставениот извод бр.105 за промените и состојбата на сметката за ден 18.7.2025 година од 24.7.2025 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, се утврди дека друштвото има доволно парични средства за плаќање на надоместокот за лиценцата и истите потекнуваат од вратена позајмица.

Потеклото на средствата на основната главнина се утврди од следната документација:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино има основна главнина во износ од 436.243.300,00 денари. На ден 29.8.2025 година Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К." ДООЕЛ Скопје донесе одлука за намера за намалување на основната главнина во износ од 277.545.600,00 денари преку враќање на дел од паричниот влог на единствениот содружник во износ од 3.220.000,00 денари и враќање на непаричен влог на единствениот содружник во износ од 274.325,600,00 денари. Со намалувањето основната главнина ќе изнесува 158.697.700,00 денари видно од решението бр.35020250020745 од 9.9.2025 година и тековната состојба на друштвото од 9.9.2025 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Од изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност пречистен текст од 29.8.2025 година дадена од единствениот содружник Огњан Циговски се утврди дека основната главнина на друштвото, по извршеното намалување на непаричниот и паричниот влог ќе изнесува 158.697.700,00 денари паричен влог. Од изводот бр.22 за промените и состојбата на средствата на сметката од 7.9.2001 година издаден од Заводот за платен


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.09.2025 14:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=27988a37-957b-4448-8521-5b69957d6f73&docSharePointURL=/materijali/2025/638942324594124313/Documents/act.docx&materialId=a6d2f600-a580-468a-a061-ad083f7a563d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

промет Скопје, изводот бр.23 за промените и состојбата на средствата на сметката од 10.9.2001 година издаден од Заводот за платен промет Скопје, изводот бр.38 за промените и состојбата на средствата на сметката од 9.10.2001 година издаден од Заводот за платен промет Скопје, изводот бр.39 за промените и состојбата на средствата на сметката од 10.10.2001 година издаден од Заводот за платен промет Скопје, изводот бр.4 за промени и состојба на ден 7.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот за промени и состојба на ден 8.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот бр.6 за промени и состојба на ден 9.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот бр.16 за промени и состојба на ден 23.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот бр.17 за промени и состојба на ден 26.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот бр.18 за промени и состојба на ден 27.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот бр.19 за промени и состојба на ден 28.11.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот бр.28 за промени и состојба на ден 14.12.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот бр.29 за промени и состојба на ден 17.12.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје, изводот бр.65 за промени и состојба на ден 25.12.2001 година издаден од Стопанска банка АД Скопје и изјавата под морална, материјална и кривична одговорност дадена од единствениот содружник Огњан Циговски заверена кај нотар Милена Момировска-Ангелевска под број УЗП 2827/2025 од 10.9.2025 година се утврди дека паричниот влог на друштвото во износ од 18.697.700,00 денари потекнува од штедни влогови на единствениот содружник Огњан Циговски од Скопје.

Од уплатницата за уплата на средства за основачки влог-Образец ПП30 од 11.8.2025 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје и изводот бр.120 за промените и состојбата на сметката за ден 11.8.2025 година од Комерцијална банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог во износ од 140.000.000,00 денари е внесен од единствениот содружник Огњан Циговски од Скопје, а од договорот за парична позајмица склучен на ден 11.8.2025 година помеѓу Друштвото за градежништво, проектирање и транспорт М-Констракшн ДОО Скопје и Огњан Циговски и изводот од платежна сметка од 12.9.2025 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје, се утврди дека паричниот влог потекнува од позајмица.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во казино, што произлегува од доставените правилник бр.03-864 од 14.7.2025 година за работа на „Ле Гранд казино“ Скопје, правила за игра рулет (american roulette) бр.03-861 од 14.7.2025 година, правила за игра ултимејт тексас холдем (ultimate texas holdem) бр.03-862 од 14.7.2025 година, правила за игра блек џек (black jack) бр.03-863 од 14.07.2025 година и правила за игри на среќа на автомати бр.03-865 од 14.7.2025 година донесени од Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДОО Скопје кои се во согласност со член 63 став (1) и (2) и член 64 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Од доставените 42 уверенија издадени од Друштвото за услуги, техничко испитување и анализа на автомати и маси за игри на среќа „НАЦИОНАЛ-ТРЕЈД“ ДООЕЛ Скопје се утврди дека поставените автомати и маси за игри на среќа во казиното се технички исправни за употреба.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, така што системот обезбедува точни податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставеното известување бр.21-5608/2 од 17.9.2019 година од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека НИС системот на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К“ ДОО Скопје е официјално поврзан со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје.

Според член 2 точка 21) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, игри на среќа во казино се игри на среќа во кои учесниците во игрите на среќа играат против казиното или еден против друг во согласност со меѓународните правила на масите за игра со топчиња, коцки и карти.

Согласно член 25 став (1) точка 1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Министерството за финансии постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.09.2025 14:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=27988a37-957b-4448-8521-5b69957d6f73&docSharePointURL=/materijali/2025/638942324594124313/Documents/act.docx&materialId=a6d2f600-a580-468a-a061-ad083f7a563d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Според член 58 став (1), лиценцата за приредување на игри на среќа во казино се издава за период од шест години, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 10 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, а во согласност со член 13 став (1) точка 1) од истиот закон, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 58 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино се плаќа надоместок во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа не го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 61 став (1) приредувачот на игрите на среќа во казино за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казиното, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, поради што се одлучи како во точките 8 и 9 од дизпозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 66 став (1) и член 94 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во казино приредувачот на игри на среќа плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати и надоместок за рулет маси во износ од 3.000 евра по рулет маса, односно за други маси во износ од 1.725 евра по маса во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, на месечна основа, поради што се одлучи како во точката 10 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 66 став (8) од законот, приредувачот на игри на среќа во казино, на месечна основа, за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 3% за финансирање на здравство која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати и исплатениот износ од сите автомати на приредувачот на игрите на среќа во казино, поради што се одлучи како во точката 11 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 14 од диспозитивот на оваа лиценца.

Доколку приредувачот на игрите на среќа не ја одржува висината на основната главнина, согласно член 13 став (1) точка 12) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 12 и 13 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на тоа што Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „К.А.К.“ ДООЕЛ Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.09.2025 14:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=27988a37-957b-4448-8521-5b69957d6f73&docSharePointURL=/materijali/2025/638942324594124313/Documents/act.docx&materialId=a6d2f600-a580-468a-a061-ad083f7a563d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.09.24 16:04:33 +02:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 24.09.2025
Проверил: Никола Пасков, 24.09.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 24.09.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 24.09.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.09.24 15:55:19 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 24.09.2025 14:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=27988a37-957b-4448-8521-5b69957d6f73&docSharePointURL=/materijali/2025/638942324594124313/Documents/act.docx&materialId=a6d2f600-a580-468a-a061-ad083f7a563d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*